**20230651285**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 127 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21 и 89/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 март 2023 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА УНИФОРМАТА И ОЗНАКИТЕ НА УНИФОРМАТА НА ПОЛИЦИЈАТА

Член 1

Во Уредбата за униформата и ознаките на униформата на Полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 270/19, 59/21 и 67/22), во член 14 ставовите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„Ознаките на основната униформа се: натпис „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE“, натпис „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „TRAFFIC POLICE“, амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE“, амблем „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ „BORDER POLICE“, амблем во форма на штит со намалени димензии и метална ознака за шапка.

Во Градот Скопје, во општините во Градот Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, ознаките на основната униформа се: натпис „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” „POLICE“, натпис „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA E TRAFIKUT“ „TRAFFIC POLICE“, амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” „POLICE“, амблем „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA KUFITARE“ „BORDER POLICE“, амблем во форма на штит со намалени димензии и метална ознака за шапка.“

Член 2

Во член 25 во ставот 1 зборовите „СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ се заменуваат со зборовите „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“.

Во ставот 2 зборовите „NJËSITI POLICOR PËR INTERVENIM“ се заменуваат со зборовите „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“, зборовите „NJISIA POLICORE E POLICISË INTERVENTE“ се заменуваат со зборовите „NJËSIA POLICORE E POLICISË INTERVENUESE“, а зборовите „СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ „MAQEDONIA E VERIUT“се заменуваат со зборовите „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ „REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT“.

Член 3

Во член 35 во ставот 1 зборовите „амблем „ПОЛИЦИЈА““ се заменуваат со зборовите „амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE““.

Во ставот 2 зборовите „амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA”“ се заменуваат со зборовите „амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” „POLICE““.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за униформата и ознаките на униформата на Полицијата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 67/22).

Бр. 41-3067/3
21 март 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.